Врз основа на член 418 од Законот за трговските друштва, член 66 од Законот за супервизија на осигурување, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, како и член 59 од Статутот бр.0201-4027/8-1 од 28.04.2017 година на **Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп** (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со 12 од дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2017 година бр. 02-2535/3-1 од 22.03.2018 година, Годишното собрание на Друштвото на својата седница, одржана на **27.04.2018 година**, ја донесе следната:

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена на Статутот на Друштвото бр.0201-4027/8-1**
**(Пречистен текст) од 28.04.2017 година**

1. Во Статутот на Друштвото бр.0201-4027/8-1(Пречистен текст) од 28.04.2017 година (во понатамошен текст: Статут) се вршат измените како во став 2 од оваа Одлука.
2. Се менува став 1 од член 31 од Статутот, и по извшените измени истиот гласи:
   – *Надзорниот одбор се состои од 3 (три) до 6 (шест) члена. Најмалку 1/3 од членовите на Надзорниот одбор се именуваат како независни членови согласно одредбите од позитивните прописи. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е до 5 (пет) години со право на реизбор. Членовите на Надзорниот одбор се избираат од страна на Собранието на Друштвото, со јавно гласање. Собранието на Друштвото го определува бројот на членови и мандатот на членовите на Надзрниот одбор.*
3. Ставот 2 од оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање на согласност за измена на Статутот од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, односно со уписот на одлуката во Трговскиот регистар што се води при централниот регистар на Р.Македонија.
4. По стапувањето во сила на оваа Одлука, Друштвото продолжува да работи на начин и под услови под кои е запишано во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Р. Македонија.
5. Секоја одредба на оваа Одлука која е спротивна на одредбите на Законот за трговските друштва и Законот за супервизија на осигурување, како и било кој друг позитивен пропис е ништовна, а во таков случај се применуваат одредбите од предметниот закон или подзаконски акт.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Заради зголемување на ефикасноста и ефективноста на работата на органот на надзор согласно обемот и комплексноста на деловните активности на Друштвото, се предлага променлив број на членови на Надзорниот одбор на Друштвото. Согласно одредбите од позитивните прописи Собранието на Друштвото е надлжено за утврдување на составот, бројот и мандатот на членовите на Надзорниот одбор, а предлогот за промени на статутот може поднесе органот на управување, органот на надзор или акционерите.

Поради претходно нотираното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

______________________________

Предлог одлука

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
ЕМБС: 4067037 Основна главнина: 14.409.474,26 Евра Одобрение од Министерство за финансии: Решение Бр. 11-29233/2 од 05.04.2005 година
Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје- Виена Иншуренс Груп е запишано во регистарот на осигурителни друштва кој го води АСО.
www.insumak.mk